

Нема прогрес и демократија доколку една половина од популацијата не се вклучени во одлучувањето, и нема праведна одлука доколку жените не бидат вклучени како рамноправни партнери во донесувањето на одлуки. Ова е главниот мотив за отварањето на прашањето за учество на жените во политиката и во одлучувачките структури. СОЖМ веќе 10 години континуирано работи на полето за политичко јакнење на жените, покренувајќи иницијативи, лобирајќи и спроведувајќи обуки.

Во заложба на СОЖМ за поголемо учество на жените во политиката, од извонредно значење е реализацијата на проектот **„Жените тоа го можат II - Локални избори“**. Овој проект значи чекор кон внесување на родовиот концепт во политичките партии и поттик жените од политичките партии да станат активен субјект во донесувањето на одлуките.

Воспоставената соработка помеѓу СОЖМ како невладина организација, Министерство за труд и социјална политика - Одделението за унапредување на рамноправноста помеѓу половите како владина институција, политичките патиии и меѓународната организација ОБСЕ, претставува модел за постигнување на позитивни резултати.

*Елена Грозданова*
*Савка Тодоровска*

Во текот на изминатата година и пол, мисијата на ОБСЕ оствари блиска соработка со нашите партнери СОЖМ и Одделот за унапредување на половата еднаквост, реализираа притоа голем број важни проекти и иницијативи со цел за унапредување на начелата на половата еднаквост во земјава.

Затоа мислам дека, имплементираниот проект **“Жените го можат тоа II -2005-локални избори“** претставува исцрпна програма со мултидимензионален пристап за постигнување на оваа цел.

Постојаниот Совет на ОБСЕ во декември 2004 го усвои акциониот план за зајакнување на половата еднаквост. Целта на Акциониот план е да се даде приоритет на унапредување на половата еднаквост во регионите на ОБСЕ и да обезбеди наблудување на имплементацијата на истиот.
Усвојувањето на планот покажува дека ОБСЕ продолжува да игра голема улога во унапредувањето на родова еднаквост.

Резултатите на неодамнешните локални избори покажаа дека е направен чекор напред кон подобрување на балансирано учество на жените и мажите во политичкиот и јавниот процес на донесување на одлуки.

Споредено со минатогодишните локални избори, бројот на избрани жени во општинските совети порасна од 8.4% на 22.4 % (312).

Бројот на избрани жени во општинските совети порасна од 8.4% на 22.4 % (312).

За жал, не сите политичките партии ја почитуваа квотата од 30% - правен услов од 2004 која им дозволува на жените да бидат исто застапени во првата и втората половина на кандидатските листи и само 3 жени (3,5%) беа избрани за градоначалник.

Мисијата на ОБСЕ верува дека заклучоците и наодите на проектот треба да бидат анализирани и научените лекции применети во иднина за време на следните парламентарни избори.

Проектот покажа дека прашањето на родова еднаквост станува многу важно прашање за многу политички партии кои активно земаа учество во „Жените го можат тоа II”.

Мисијата на ОБСЕ ќе продолжи да дава поддршка на цивилното општество во имплементацијата на конкретни активности кои имаат за цел подобрување на положбата на жените.

*Елена Гулмадова*
Офицер за владеење на правото
Организација за Безбедност и Соработка во Европа
Наблудувачка Мисија во Скопје

## Вовед

Сојузот на организациите на жените на Република Македонија во текот на 2004- 2005 год. го реализираше националниот проект „ Жените го можат тоа II“ локални избори 2005“ во партнерски односи со Министерството за труд и социјална политика - Одделението за унапредување на рамноправноста помеѓу половите и во соработка со Пактот за Стабилност Работна Група за Родови Прашања (СП ГТФ), кој беше финансиски поддржан од мисијата на Организација за Безбедност и Соработка во Европа Набљудувачка Мисија во Скопје.

## Главна цел на проектот

Зголемување на учеството на жените во структурите на одлучување на локално ниво во Република Македонија.

## Цели на проектот

- Воведување на амандман во Законот за локални избори кој обезбедува 30% квота за двата пола на изборните листи за советници и градоначалници;
- Зголемување на поддршката од страна на политичките партии и јавноста за промовирање и развој на родовата еднаквост, во процесот на политичкото јакнење на жените;
- Зголемување на бројот на избрани жени во Советите на општините на претстојните локални избори;



## Целна група во проектот

Политичките лидери, лидерките на женските организации во политичките партии, потенцијалните кандидатки за градоначалнички и советнички, гласачите и јавноста.

## Реализирани активности

- Формиран е Одбор на проектот, одговорен за имплементација на проектот составен од: координатор, асистент, двајца тренери-експерти (обучени на регионален тренинг од СП ГТФ), лидерки на политичките партии (претставник од политичка партија), правни експерти (Закон за избори и Закон за локална самоуправа), медиумски консултант (новинарка);
- Потпишан е договор за соработка со лидерите на политичките партии во однос на имплементацијата на проектните активности;
- Презентација на проектот во јавноста (на гласачите) преку медиумите;
- Одржани се 10 семинари со 10 политички партии : СДСМ, ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ, ЛДП, ЛПМ, ДПА, ПДП, ДА, СПМ и ОПЕРМ.
- Извештај за статусот: претставничките на политичките партии на Одборот на проектот со асистенција од другите членови на Одборот подготвија извештај за статусот, составен од статистички и политички податоци за промовирањето и воведувањето на родовата еднаквост во секоја политичка партија опфатена со проектот;
- Извештај за оценка на законодавството подготвен од г-ѓа Загорка Тноковска
- Извештај за медиумската покриеност подготвен од г-ѓа Билјана Бејкова
- Евалуативна конференција
- Родова анализа на кандидатските листи
- Финална евалуација на проектот подготвена од г- ѓа Соња Локар

**Распоред на семинарите по политички партии**

| Политичка партија | Организаторки на семинарите од политичките | Место | Дата |
|---|---|---|---|
| СДСМ | Свежана Орловиќ | Скопје | мај 22-23, 2004 |
| ДУИ | Халиде Палоши | Струга | септември 9-10, 2004 |
| ЛДП | Менка Гугулевска | Скопје | јуни 26-27, 2004 |
| ПДП | Фердезе Сулејмани | Тетово | јули 3-4, 2004 |
| ЛПМ | Голубка Нечевска Цветановска | Радовиш | јуни 12-13, 2004 |
| ВМРО/ДМПНЕ | Ирена Мишева | Скопје | октомври 23-24, 2004 |
| ДПА | Вилдане Палоши | Тетово | јуни 5-6, 2004 |
| СПМ | Вера Черепналкова | Скопје | мај 22-23, 2004 |
| ОПЕРМ | Исени Хариет | Скопје | октомври 28-29, 2004 |
| ДА | Снежана Гулевска | Скопје | мај 15-16, 2004 |

## Учесници

Вкупен број едуцирани жени и мажи политичари: 242
- 238 жени политичарки
- 4 мажи политичари (3 од СПМ и 1 од ЛП)

Образовно ниво на учесниците:
- 57% со високо образование
- 31% со средно образование
- 12% студенти

Вкупниот број на учесници кои се вработени изнесува 63%, додека останатите 37% се невработени.

## Евалуативна конференција

Евалуативна конференција - 10.12.2004 год.
Клуб на пратеници, Скопје

Присутни: 60 учесници од кои 53 жени од различни политички партии од позиција и опозиција.





*Евалуативна конференција - 10.12.2004 год., Клуб на пратеници, Скопје*

## Препораки донесени на евалуативната конференција

- Активни заложби на сите субјекти вклучени во проектните активности, за повеќе избрани жени на локалните избори 2005год.
- Континуирана политичка едукација на жените од политичките партии
- Јакнење на соработката помеѓу политичките партии, НВО и Синдикатот
- Донесување на Законот за еднакви можности и негова имплементација
- Потпишување на Декларација со која ќе се обврзат политичките партии до третото место на кандидатските листи да предложат и една жена и најмалку 1/3 од жените да бидат први на листите
- Секоја политичка партија да кандидира најмалку 3 жени градоначалнички на добитни комбинации



# Влијанието од проектот „Жените го можат тоа II 2004-2005“

## - Финална евалуација - мај 2005

## ШТО БЕШЕ ПРОМЕНЕТО? ШТО СЀ УШТЕ ПРЕТСТАВУВА ПРОБЛЕМ?

Во периодот на 2002 год. кога се реализираше проектот ЖТМ II, сите 10 партии беа водени од машки лидер. Ништо не се смени се до 2004 година.

Три партии во 2002 година не беа во можност да ги сумираат одговорите за статусот на жената во нивните редови, додека две партии отворено признаа дека немаат родово одвоени статистики за членството во партиите, родовата структура на нивните партиски органи или партиски изборни листи, како и за нивните членови избрани на локално и национално ниво во различните структури на моќта.
Партиите кои можеа да дадат некои родово издвоени податоци за нивното членство, можеа да дадат прецизни одговори само на одреден број прашања.
*Ситуацијата во 2004 година е потполно поинаква: приближно сите партии ја знаат родовата структура на нивните гласачи, сите 10 партии имаат општи родови одвоени податоци за нивното членство, како и за нивните женски членови во законодавната и извршната власт на национално ниво. Но, тие сè уште имаат многу скромен увид во ситуацијата на локално ниво-со исклучок на податоците за жените градоначалнички. (погледнете ги табелите 1, 2, 3.)* .
Ова е јасен показател дека женските партиски организации можеби се сè уште скромно организирани на локално ниво и дека врските помеѓу женските партиски организации на национално и локално ниво се најверојатно повеќе повремени и слаби.
*Партиските обучувачки не дадоа известување за нивните женски членови кои што јавноста би ги видела како видливи политичарки на национално и на локално ниво.*
Ова е показател дека скоро сите политички партии имаат недостаток на профилирани жени политичарки на национално и особено на локално ниво.

Во 2002 година, три партии немаа женски организации на национално ниво, една имаше само неформална организирана женска група и 6 партии имаа формално организирани женски организации. *Само две години подоцна, сите 10 политички партии формално организираа локално распространети женски организации.*

Во 2002 година само четири партии во проектот ја имаа вклучено родовата еднаквост во нивните програми (најдобрата беше на ЛДП), само две партии имаа родова квота во нивните статути (СДСМ и ЛПМ) и една од нив (ЛПМ) само за партиските тела. Пред парламентарните избори во 2002, процентот на жените-парламентарки беше 7,6 %. Најголемите придобивки од првиот ЖГМТ II проект беа:

- Озаконување на 30% квота за парламентарните избори;
- Способноста на жените да лобираат заедно (акцијата на Македонското женско лоби) за што е можно повеќе жени на погодни позиции, бидејќи квотата во Законот нема никакви правила за жените кандидатки;
- Зголемување на процентот на жени парламентарки од 7,6% на 18,33%

**Табела 1: Лична карта на партиите кои учествуваат во 2004 г.**

| Партии | Претседател | Женски групи (ЖГ) | Претседателка на ЖГ | Членови на Парламентот % | Жени парламентарки |
|---|---|---|---|---|---|
| СДСМ | Владо Бучковски | формално организирани | Елеонора Петрова Митревска | 35,8% | 27,0% |
| ДУИ | Али Ахмети | формално организирани | Азизе Велин | 13,3% | 6,2% |
| ЛДП | Ристо Пенов | формално организирани | Лилјана Поповска | 9,0% | 45,4% |
| ПДП | Абдулменаф Беџети | формално организирани | Фердезе Сулејмани | 1,6 % | 0% |
| ЛПМ | Стојан Андов | формално организирани | Голубка Нечевска Цветановска | 4,2% | 20,0% |
| ВМРО ДМПНЕ | Никола Груевски | формално организирани | Силвана Бонева | 22,0% | 15,0% |
| ДПА | Арбен Џафери | формално организирани | Вилдане Палоси | 5,8% | 0% |
| СПМ | Љубисав Иванов | формално организирани | Вера Черепналкова | 0,8% | 0% |
| ОПЕРМ | Неждет Мустафа | формално организирани | Ханриет Исени | 0,8% | 0% |
| ДА | Васил Тупурковски | формално организирани | Жаклина Сервини | 0% | 0% |

**Табела 2: Факти и бројки за мажите и жените во партиите**

| | СДСМ | ДУИ | ЛДП | ПДП | ЛПМ | ВМРО ДМПНЕ | ДПА | СПМ | ОПЕРМ | ДА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % ЖЕНИ ГЛАСАЧИ | н / п | 50% | 55% | 50% | 50% | 55% | 37% | 20% | 39% | 42% |
| % ЖЕНИ ЧЛЕНКИ НА ПАРТИИТЕ | 38,3% | 35% | 37,8% | н / п | 38,5% | 52% | 29% | 30% | 30% | 45,5% |
| % КВОТА ЗА ПАРТИСКИ ОРГАНИ | 30% | 30% | н / п | 30% | 40% | н / п | 20% | 30% | н / п | 30% |
| КВОТА ЗА ПАРТИСКИ ЛИСТИ ВО % | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | Не | 30% | Не | 30% |
| ПОЧИТУВАЊЕ НА КВОТА ОД 30% | ДА | ДА | ДА | ДА | ДА | ДА | ДА | ДА | НЕ | ДА |
| % ЖЕНИ КАНДИДАТКИ, ПОСЛЕДНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ | 36% | 15% | 37% | 30% | 30% | 30% | 30% | 30% | н / п | 30,8% |
| % ЖЕНИ ВО ПАРТИСКО ВОДСТВО, НАЦИОНАЛНО НИВО | 30% | 6,2% | 18,2% | 17,3% | 13,6% | 23% | 20% | 20% | 0% | 28% |
| % ЖЕНИ ВО ПАРТИСКО ВОДСТВО, ЛОКАЛНО НИВО | 30% | 25% | 6,8% | н / п | 43,8% | 43% | 20% | 20% | 20% | 32% |

**Табела 3: Партиските жени на позиции на моќ**

| | СДСМ | ДУИ | ЛДП | ПДП | ЛП | ВМРО ДМПНЕ | ДПА | СПМ | ОПЕРМ | ДА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА ПАРТИЈА | Не | Не | Не | Не | Не | Не | Не | Не | Не | Не |
| ЗАМЕНИК -ПРЕТСЕДАТЕЛ | Да | Да | Не | Да | Не | Да | Не | Не | Не | Да |
| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР | Не | Да | Да | Не | Не | ДА | Не | Не | Не | Не |
| % НА ЖЕНИ СОВЕТНИЧКИ | 11 | 30 | 10.1 | 2 жени | 14.3 | 22 | н / п | 3.3 | 5 | 18.7 |
| БРОЈ НА ЖЕНИ ГРАДОНАЧАЛНИЧКИ | Не | Не | 1 | Не | Не | Не | 1 | Не | Не | 1 |
| ЖЕНИ ПРЕТСЕДАТЕЛКИ НА ПАРЛАМЕНТОТ | Не | Не | Не | Не | Не | Не | Не | Не | Не | Не |
| ЖЕНИ ЧЛЕНОВИ НА ПАРЛАМЕНТ ВО % | 27 | 6.2 | 45.4 | Не | 20 | 15 | Не | Не | Не | Не |
| ЖЕНИ МИНИСТЕРКИ % | 11,5 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Од табелите 2 и 3 може да се види дека ситуацијата е драстично подобрена во две години: Во 2004 година седум од десетте партии имаат посебна квота за партиските органи која се почитува. Две партии (СДСМ и ЛДП) имаа повеќе од 30% жени кандидатки на последните парламентарни избори, пет партии имааат жена заменик претседател, две партии имаат жена генерален секретар. Процентот на жени министерки полека расте.

**Советнички**




2000 год. 8,4 % нема квота

2005 год. 22,4 % има квота

## СОСТОЈБАТА НА ЖЕНСКИТЕ ПОЛИТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РАМКИТЕ НА НИВНИТЕ ПАРТИИ

Сите партии вклучени во проектот имаат формално организирани женски организации.

Постојат многу правила како женските групи ги формираат нивните членства.

Во повеќето од партиите, сите жени членови се автоматски членови на женските партиски организации. Само во три од партите (ЛДП, ДУИ И ДА), жените по слободна волја избраа дали ќе станат или не членови на женските организации. Во две партии (СДСМ И ЛДП) жени кои не се партиски членови се членови на женската партиска организација. Една партија (ДА) спомена дека машките партиски членови се исто така дел од женските партиски организации.

Сите партиски женски организации имаат организирано локални ограноци или клубови, а една партија (ПДП) изјави дека овие локални ограноци не се толку активни.

Програмата на женската организација е интегриран дел и од програмата на партиите во повеќето случаи (во 7 случаи). Некои од женските партиски организации имаат дополнителни програми за родова еднаквост (3 случаи), или програмска Декларација (Женски форум на ЛДП). Само во ПДП и ВМРО-ДПМНЕ женските партиски организации имаат независни програми за родова еднаквост. Само една партија, ВМРО - ДПМНЕ има посебен едукативен програм за жените членки.

Сите партиски женски организации, освен ДПА, учествуваат во работата на Македонското женско лоби. Жените од ДПА чувствуваат дека тие не биле поканети да им се приклучат и дадоа предлог за промена на името на ова лоби: Лоби на жените од Македонија.

Сите партиски женски организации кои учествуваа во овој проект го изразија својот интерес за воспоставување посебна мрежа на женски партиски организации во рамките на МЖЛ.

Во Парламентот постои неформално тело кое се занимава со родовата еднаквост- Клуб на жени парламентарки. Жените парламентарки од сите политички партии соработуваат со овој Клуб.

## СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЖЕНСКИТЕ ПАРТИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, ЖЕНСКИТЕ НВО И ЖЕНИТЕ АКТИВИСТКИ ОД СИНДИКАТОТ

Сите партиски женски организации се во принцип свесни за важноста на соработката со женските НВО. Две од нив изјавија дека тие соработуваат со сите нив (ПДП и ДПА), а ОПЕРМ спомена дека тие соработуваат со 60% од НВО во Македонија. Организации кои именуваа одредени НВО како нивни партнери се: СДСМ, ЛДП, ЛПМ, ВМРО-ДПМНЕ, СПМ и ДА. Најчесто именувани НВО во улога на партнери на женските политички партии се: СОЖМ, МЖЛ и ЕСЕ.

Сите партиски женски организации со исклучок на ОПЕРМ изјавија дека исто така соработуваат со жените активистки во Синдикатот.

## ВИДЛИВОСТА НА ЖЕНСКИТЕ ПАРТИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МЕДИУМИТЕ, ВИДЛИВОСТА НА ИНДИВИДУАЛНИ ЖЕНИ ПОЛИТИЧАРКИ ВО ЈАВНОСТА

Повеќето од партиските женски организации изјавија дека тие имаат пракса да организираат независни прес - конференции (исклучоци се: ПДП и ОПЕРМ).

Секоја партија веќе има најмалку 1-5 добро познати жени политичарки на национално ниво (министерки, потпретседателка на Парламент, парламентарки, потпретседателки на партии, директорки на владини институции) и 5-20 добро познати локални жени политичарки (жени градоначалнички, советнички, директорки на локални јавни институции). Најслабата на национално, а исто така и на локално ниво е сè уште ОПЕРМ. ЛПМ сè уште се чувствува слаба на ова поле.

## ПРОГРАМИ НА ПАРТИИТЕ ВО ОДНОС НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ

- СДСМ има генерална изјава за поддршка на родовата еднаквост, но нема формулирано конкретни политики;
- ЛДП има генерална програма за родовата еднаквост, партиска резолуција за ова прашање и програмска декларација на посебната женска група (Форум на жени). За секои избори тие ги вклучуваат прашањата за родова еднаквост во нивните изборни програми;
- ПДП- во програмата се вклучени активности за родова еднаквост и за подобрување на статусот на жените во партијата и воопшто во општеството, но нема некоја посебна програма за родова еднаквост;
- ВМРО-ДПМНЕ има општа изјава за нивната поддршка за родовата еднаквост во партиската програма и посебна програма за родова еднаквост. Оваа партија вклучува конкретни програми за родова еднаквост во нивните изборни ветувања;
- ЛПМ има посебна партиска декларација за родовата еднаквост и елаборирана политика за родовата еднаквост;
- ДПА има општа изјава за родовата еднаквост и конкретна политика за родова еднаквост;
- СПМ има акциски план за родова еднаквост на женската организација;
- ОПЕРМ има изјава за целосна поддршка на родовата еднаквост во нивните програми, но нема конкретна политика;
- ДА има формулација за целосна поддршка за еднаквоста на жените и мажите во сите сфери на животот, но нема специфични политики за родова еднаквост;
- ДУИ има општа изјава за поддршката на родовата еднаквост, но нема формулирано конкретна политика.

**Можат да се забележат многу позитивни промени во партиските програми. Целосното отсуство на**

**параграфите за родова еднаквост во повеќето од партиските програми во 2002 година, е заменето со ситуацијата дека сега само една партија не може да понуди ништо што се однесува на родова еднаквост (ПДП). Почитувајќи ја квотата како позитивна дискриминација ПДП мисли дека жените треба да се борат за своето место во партијата не само со квоти туку со најдемократскиот систем, систем на вредности.**

**Сите останати партии имаат барем општа изјава за поддршка на родовата еднаквост. Партиите кои веќе имаа општа изјава во 2002 година, сега веќе имаат поелабориран пристап и некои веќе развиваат конкретни политики за родова еднаквост во посебни области.**

## ИЗБОРНИТЕ ВЕТУВАЊА ВО ВРСКА СО РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ НА ПОСЛЕДНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИЗБОРИ

- СДСМ: Да, тие ветија дека ќе усвојат Акт за родова еднаквост
- ЛДП: Да, тие ветија дека ќе обезбедат поголем број на места за одлучување за жените
- ПДП: Да, партијата вети повеќе можности за жените да бидат избрани и стави една жена на врвот на една листа и друга жена на третотото место ,но последната не беше избрана
- ВМРО-ДПМНЕ: Да, тие ветија усвојување на подобар закон за семејството, закон против домашното насилство, посебна здравствена грижа за жените и грижа за лицата со посебни потреби
- ЛПМ: Да, тие ветија дека ќе им дадат повеќе шанси на нивните жени да бидат избрани на сите нивни листи и успеаја
- ДПА вети повеќе места за жените на кандидатските листи
- СПМ: Да, тие ветија дека ќе обезбедат поголем простор за жените на одлучувачките позиции
- ОПЕРМ: Тие ветија дека ќе им обезбедат поголем простор на жените во телата на политичкото одлучување во рамки на општеството и партијата
- ДА: Не
- ДУИ вети дека ќе се грижи за родовата еднаквост и дека ќе им даде вистинска шанса на нивните жени кандидатки

Растот на свеста за родовата еднаквост во рамки на партиите се докажува со фактот дека само две од нив не вклучија какви било родови прашања во нивните последни национални изборни ветувања. (ПДП и ДА), дека повеќето од нив ветија повеќе избрани жени а, две од нив образложија јасни и конкретни предлози за политика на родова еднаквост (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ). Фактот дека имаме таква јасна промена во предизборниот став на најсилните политички партии докажува дека притисокот на Македонското женско лоби како и работата на жените активисти во рамките на политичките партии успеа да ја позиционира родовата еднаквост на листата на приоритети на политичките партии. Може да се забележи колку сериозни беа партиите кога ветуваа дека ќе го подобрат својот став во врска со жените во политиката и работата за подобрување на политиката на родовата еднаквост. Половина од партиите, поголемиот дел од опозицијата, не се обидоа да ја повикаат Владата да преземе нешто конкретно во врска со родовата еднаквост но, останатите пет навистина работеа да ги исполнат своите изборни ветувања.

**Табела 4: Партиските иницијативи до Владата за подобрување на родовата еднаквост**

| Политичка партија | Да | Не | Предлог |
|---|---|---|---|
| СДСМ | x | | Закон за родова еднаквост |
| ЛДП | x | | Активно лобирање за членот за квота од 30% во Законот за локални избори |
| ПДП | | x | |
| ВМРО-ДПМНЕ | x | | Поддршка на членот за квота од 30% во Законот за локални избори |
| ЛПМ | x | | |
| ДПА | | x | Поддршка на членот за квота од 30% во Законот за локални избори |
| СПМ | x | | |
| ОПЕРМ | | x | |
| ДА | | x | |
| ДУИ | | x | Поддршка на членот за квота од 30% во Законот за локални избори |

Во оваа фаза на развојот на стандардите на родовата еднаквост во рамки на политичките партии, барањето на СОЖМ да се воспостави квота од минимум 30% на мажи и жени во Законот за локални избори, беше прифатено од сите партии како нешто што се подразбира.





## ПРОВЕРКА НА РЕАЛНОСТА - ПРЕДЛОГОТ НА СОЖМ ЗА КВОТА ОД 40% НА МАЖИ И ЖЕНИ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ СО ПРАВИЛАТА НА НАЗНАЧУВАЊЕ

Процесот на реформа на локалната власт го направи прашањето за претстојните локални избори, прашање за реална редистрибуција на економската и политичката моќ. Во оваа нова ситуација *БЕШЕ РЕАЛНО ДА СЕ ОЧЕКУВА ДЕКА ПАРТИИТЕ НЕМА ДА ИМ ДАДАТ НА СВОИТЕ ЖЕНИ КАНДИДАТКИ ВИСТИНСКА МОЖНОСТ ДА БИДАТ ИЗБРАНИ ТУКУ ЌЕ ИМААТ ТЕНДЕНЦИЈА ДА ГИ ПОСТАВУВААТ НА ДНОТО НА ЛИСТИТЕ ИЛИ НА НЕКОНКУРЕНТНИТЕ ПОВИСОКИ ПОЗИЦИИ*. Ова беше главниот мотив зашто СОЖМ, со поддршка на мисијата на ОБСЕ, започна јавен повик - испраќајќи го до Парламентот и соодветните министерства, како и до Македонското женско лоби - амандманот кој ќе го подигне минимумот од квотата од 30% на мажи и жени до 40% и да се воспостават цврсти правила за назначување за кандидатите од помалку застапениот пол.
СОЖМ бараше најмалку едно место помеѓу првите три, две места помеѓу првите пет и три места помеѓу првите осум, да им се дадат на кандидатите од помалку застапениот пол.

Оваа иницијатива служеше како проверка на реалноста за нивото на влијание и моќ што жените ја здобија во рамки на секоја партија, како интересна група во рамки на граѓанското општество.
Ова барање ја стави искреноста на партиското машко водство на сериозен тест, како и подготвеноста на истото да ја подели моќта со своите женски колешки.

- Женските политички партиски групи не се осмелија да го поддржат ова радикално барање
- Македонското женско лоби не можеше да го поддржи затоа што работи на принцип на консензус
- Сите парламентарни партии се поделија по ова прашање
- Дури ниту сите жени парламентарки не беа подготвени да го поддржат ова силно барање за правилата на квотата
- Медимуите кои беа најмногу поддржани од напорите на Македонското женско лоби станаа скептични

Ова беа показатели дека позитивните поместувања во родовата еднаквост на моќта, како и во рамки на граѓанското општество, беа сè уште многу кршливи и можеа доста брзо да предизвикаат повратен удар.

**Табела 5: Партиската поддршка за усвојување на праввилото на квота за локалните избори**

| | СДСМ | ДУИ | ЛДП | ПДП | ЛПМ | ВМРО ДПМНЕ | ДПА | СПМ | ОПЕРМ | ДА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Поддржана квотата од 30%** | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Да | Да |
| **Поддршка за усвојување на рангирање во рамки на правилото за квота** | Да | Да | Да секое трето место | Да | Да секое трето место | Да 15% во првата третина од листата | Да 20% од местата на располагање | Да секое трето место | Не | Да |

Во жестоката дебата, жените парламентарки, особено оние, кои работат како видливи лидери или активисти на Македонското женско лоби, од различни парламентарни партии, паметно лобираа за прифатлив компромис.
Во атмосферата на многу агресивна машка и женска конфронтација тие успеаја да го постигнат следниот компромис:

30% минимум квота за машките и женските кандидати и најмалку 30% кандидати од секој пол треба да бидат ставени во првата и втората половина на листите.

Компромисот беше конечно усвоен со многу мало мнозинство.

Процесот на конечните подготовки за изборите 2005 и половичната имплементација на усвоените правила за квотата покажаа колку важна беше оваа иницијатива и колку силен беше повратниот удар предизвикан од оваа смела иницијатива.

## ИЗБОРНИ ВЕТУВАЊА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

**Табела 6: Партиски ветувања за локалните избори во 2005**

| Партија | Ветувања |
|---|---|
| СДСМ | Воспоставување на општински механизми за родова еднаквост<br>Поддршка за воспоставување на општинска комисија за родова еднаквост |
| ЛДП | Зголемување на женската политичка моќ на локално ниво<br>Активна политика на вработување и поддршка на жените претприемачи<br>Конкретна акција за искоренување на домашното насилство<br>Подобрување на детската грижа |
| ДУИ | Поголем број на способни жени на позиција кои ќе го подигнат статусот на жените во политиката |
| ВМРО -ДПМНЕ | Поддршка за воспоставување на општинска комисија за родова еднаквост<br>Подобрување на детската грижа |
| ДА | Поддршка за воспоставување на општинска комисија за родова еднаквост<br>Зголемување на женската политичка моќ на локално ниво<br>Активна политика на вработување и поддршка на жените претприемачи<br>Општинско финансирана програма за подобрување на женското репродуктивно здравје и семејното планирање<br>Воспоставување на СОС -линии против домашно насилство врз жените<br>Подобрување на детската грижа |
| ПДП | Зголемување на женската политичка моќ на локално ниво<br>Активна политика за вработување и поддршка на жените претприемачи |
| ДПА | Поддршка за воспоставување на општинска комисија за родова еднаквост<br>Зголемување на женската политичка моќ на локално ниво<br>Активна политика за вработување и поддршка на жените претприемачи<br>Општинска финансирана програма за подобрување на женското репродуктивно здравје и семејното планирање<br>Воспоставување на СОС- линии против домашно насилство врз жените<br>Подобрување на детската грижа |
| ЛПМ | Поддршка за воспоставување на општинска комисија за родова еднаквост |
| ОПЕРМ | Ништо конкретно ветено на ова поле |
| СПМ | Нашите избрани жени ќе придонесат многу за подобра социјална, образовна и здравствена политика на локално ниво<br>Активна политика на вработување<br>Превентивна здравствена грижа за жените и децата врз основа на општинско финансирање |

**Во новиот проект ЖГМТ II користевме структуриран прашалник за да ги поттикнеме сите партиски жени да размислуваат за можностите да им помогнат на нивните партии, да формулираат конкретна понуда за политика за родова еднаквост на локално ниво. Очигледно е дека овој пристап даде резултати.**

**Може да се забележи како преку овој проект се создаде консензус за потребата да се воспостават механизми за родова еднаквост на локално ниво, како интерест за активна политика за вработување на жените се зголемува, како интерест за подобрување на репродуктивното здравје и борбата против домашното насилство расте.**

**За првпат досега, 9 политички партии од 10 вклучени во проектот, интегрираа политика за родова еднаквост во нивните изборни ветувања.**





## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРАВИЛАТА ЗА КВОТА - НЕДОВОЛНО ПОЧИТУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

Повратниот удар стана видлив кога Државната Изборна Комисија (ДИК) ги испрати своите упатства за имплементацијата на правилата за квота.

Во рамките на својата надлежност Државната Изборна Комисија донесе упатство за примена на член 22 од Законот за локалните избори.

**Цитат од упатството:**

- *„Заради застапеноста со најмалку 30% на секој пол во целина на листата, како и во горната и долната половина на листата на кандидати за членови на Советите на општините и Советот на градот Скопје, пресметувањето е вршено според математички правила и тоа: во општини со 15 членови на Советот на општината застапеноста со најмалку 30 % на различен пол во целина на листата изнесува 4,5%, од кои во горната половина од листата од утврдени 8 членови изнесува 2,4 %, а во долната половина од листата од утврдени 7 членови изнесува 2,1 %. Според применетото математичко правило во целина е заокружено на 4 члена што соодветствува на утврдување по 2 члена во горната и во долната половина на листата". (затворен цитат)*

На ова упатство СОЖМ даде приговор до ДИК, но тие го дадоа повторно истото толкување. СОЖМ инсистираше ДИК да не ги прифати листите на кои има помалку од 5 жени од вкупно 15 кандидати на изборните листи
Вториот удар и огромното разочарување во владеењето на правото се појави во вид на партиските и граѓанските листи кои јасно ги прекршија правилата за квотата, но не беа дисквалификувани на изборите.

Последица на таа одлука е дека 30 листи го следеле упатството на ДИК и тие политички партии според наше мислење го прекршиле зборот и духот на Законот.
Општинските изборни комисии дозволиле да учествуваат на локалните избори 33 листи кои не го почитуваат Законот, односно 22.17% од Општинските изборни комисии,дозволиле отворено да се крши Законот. Со додавање на општините кои го уважиле упатството на ДИК тогаш 42.35% од општините го прекршиле Законот.

**Непочитување на законот**

- 33 листи од различни политички партии и граѓански групи го прекршиле Законот
- 30 листи го примениле упатството на ДИК кое според наше мислење е исто така прекршување на Законот
- 22.7% од Општинските изборни комисии дозволиле да се прекрши Законот
- Заедно со општините кои го испочитувале упатството од ДИК вкупно се 42.35%

Колку е важно законодавството за квотата е многу добро видливо од тажните резултати во врска со жените градоначалнички.

**Табела 7**

| Партија | Општина | Бр. на жени кандидатки за градоначалнички |
|---|---|---|
| СДСМ | Чаир, Могила, Тетово, Крушево | 4 |
| ЛДП | Ранковце | 1 |
| ДУИ | Осломеј, Зелениково | 2 |
| ВМРО-ДПМНЕ | Чаир, Центар, | 2 |
| СПМ | Куманово | 1 |
| ЛПМ | Лозово | 1 |
| ДПА | Бутел | 1 |
| ПДП | | 0 |
| ОПЕРМ | | 0 |
| ДА | Гевгелија | 1 |




Од 430 кандидати за градоначалници, имаше само 18 (4,18%) жени кандидатки. Само една беше избрана во првиот круг а две во вториот круг. Од десетте партии, вклучени во нашиот проект, следните имаа жени кандидатки за градоначалници.

Колку сериозни беа лидерите на партиите во врска со нивните ветувања за избирање повеќе жени во локалните совети е видливо од местата што жените ги добија помеѓу првите три на листите:

Само 10,1% од сите листи имаа жена на врвот на листата.

Во општините во Скопје, овој процент беше 16%, во градот Скопје, 22%

Само 17.50 % жени добија второ место на листата, 22.76 % жени го добија третото место на листата.

**Табела 8**

| Партија | Број на жени на првото место | Број на жени на второто место | Број на жени на третото место |
|---|---|---|---|
| СДСМ | 6 | 5 | 20 |
| ЛДП | 3 | 3 | 4 |
| ДУИ | 1 | 1 | 8 |
| ВМРО-ДПМНЕ | 7 | 10 | 15 |
| СПМ | 0 | 0 | 1 |
| ЛПМ | 1 | 2 | 0 |
| ДПА | 3 | 9 | 7 |
| ПДП | н/п | н/п | н/п |
| ОПЕРМ | 1 | 0 | 0 |
| ДА | 5 | 9 | 11 |
| Вкупно | 26 | 39 | 66 |

## Процент на жените на првите три позиции на листите

**10,10 %** носителки на листите на жени

**17,50 %** на второ место се жени

**22,76 %** на трето место на листите

Во повеќето случаи првата жена кандидат беше ставена на третото, четвртото или дури петтото место.



Партиите вклучени во нашите проекти го ставија следниот просечен процент на жени кандидатки на првата половина од нивните листи:

**Табела 9**

| Партија | Просечен % на жени кандидатки во првата половина од листите |
|---|---|
| СДСМ ; ЛДП ; ОПЕРМ | 34.21 % |
| ДУИ | 30.47 % |
| ВМРО-ДПМНЕ ; СПМ ; ЛПМ | 33.53 % |
| ДПА ; ПДП | 29.05 % |
| ДА | 35.63% |

Сега е очигледно дека правилата за назначување во Законот беа од огромна важност затоа што им помогнаа на жените од партиите и на жените кандидатки во руралните општини со помал број на комплетирани листи.



На изборите 2005 год. Македонија избра 22.4% жени советнички. Ова значи дека процентот скоро тројно се зголемил. Резултатот е дури поимпресивен затоа што политичката и економската моќ на локалните заедници се очекува да порасне со децентрализацијата на државата!

Партиите вклучени во нашиот проект го имаат следниот процент на жени советнички избрани на локалните избори 2005:

**Табела 10**

| Партија | % на жени советнички во 2005 | |
|---|---|---|
| СДСМ / ЛДП | 113 | 36.21% |
| ДУИ | 47 | 15.06 % |
| ВМРО-ДПМНЕ СПМ / ЛПМ | 72 | 23.07% |
| ДПА / ПДП | 23 | 7.37% |
| ОПЕРМ | 1 | 0.32 % |
| ДА | | 0.96 % |
| ВКУПНО: | | 82.99% |

## РОДОВА АНАЛИЗА НА ИЗБРАНИТЕ СОВЕТНИЦИ ВО ОПШТИНИТЕ

| | Број на советници позиција | Број на советници опозиција | Број на советнички позиција | Број на советнички опозиција | Група избирачи/ мажи | Група избирачи/ жени | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РУРАЛНИ СРЕДИНИ | 185<br>13.2 % | 152<br>10.9% | 64<br>4.6% | 35<br>2.5% | 25<br>1.49% | 3<br>0.21% | 464 |
| РУРАЛНИ СРЕДИНИ | 323<br>23.22 % | 370<br>26.59 % | 106<br>7.62% | 99<br>7.11% | 22<br>1.58% | 7<br>0.50% | 927 |
| ВКУПНО | 508<br>36.50 % | 522<br>37.5% | 170<br>12.2% | 134<br>9.6% | 47<br>3.37% | 10<br>0.71% | 1391 |



## Вкупно избрани советници

**312 (22,4 %)** Жени советнички



**1079 (77,6 %)** Мажи советници

# ЗАКЛУЧОЦИ

Без разлика на сите тешкотии на повратниот удар и прекршувањето на Законот во многу случаи, овие локални избори беа огромен чекор напред во градењето на политичката моќ на жените на локално ниво

**Овој проект придонесе многу за овој успех:**

- Значајните политички партии ги подобрија своите програми и вклучија конкретна политика за родова еднаквост како изборни ветувања во својата изборна кампања
- Процентот на жените кандидатки за градоначалнички и советнички значително се зголеми
- Вклучувањето на правилата на назначување во одредбите за квотата, кои дојдоа од НВО која беше имплементатор на овој проект и упорното лобирање од **СОЖМ** и жените парламентарки, придонесоа за подобри места на жените на листите на локално ниво. Тие скоро за три пати ја зголемија нивната застапеност во рамки на локалните совети.
- Постои консензус во размислувањето на сите политички партии во однос на имплементирањето на родовата еднаквост на локално ниво; треба да се воспостават комисии за родова еднаквост, треба да се развијат активни политики за вработување, да се преземат конкретни акции за спречување на репродуктивни болести и борба против домашното насилство врз жените, детската грижа треба да се подобри...

**Сепак овој проект исто така покажа, колку многу останува да се направи:**

- Сојузот на организациите на жените на Република Македонија (СОЖМ) не беа доволно силни да го спречат прекршувањето на владеењето на правото од страна на Државната изборна комисија, од локалните изборни комисии и од партиите и групите на граѓани.
- Женските групи во рамките на партиите, сè уште се преслаби за да направат притисок врз партиските лидери за да не ветуваат повеќе отколку што можат да направат
- Изгледа дека најмногу останува да се направи во партиите на националните малцинства, кои очигледно имаат најмногу тешкотии да ги следат законските правила. Тие имаат потреба од посебна грижа, национална и меѓународна партнерска поддршка во иднина.

**Подготвено од Соња Локар**
**Претседавач на Пактот за Стабилност**
**Работна Група за Родови Прашања**

НАЦИОНАЛЕН ПРОЕКТ

# ЖЕНИТЕ ГО МОЖАТ ТОА II – ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2005

ВОВЕДУВАЊЕ НА РОДОВИОТ КОНЦЕПТ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ НА ЛОКАЛНО НИВО


Издавач:
СОЖМ

Реализатори:
Елена Грозданова – МПСТ ОУРП
Савка Тодоровска – СОЖМ

Експерт аналитичар:
Соња Локар – ГТФ СП

Асистенти:
Даница Јованова
Светлана Цветковска

Лектура:
Даниела Антоновска

Превод:
Лирија Шабани - албански јазик
Анета Илиевска – англиски јазик

Дизајн, компјутерска обработка:
Кома Лаб. – Скопје

Печати:
Винсент Графика

Проектот е поддржан од ОБСЕ
Набљудувачката Мисија во Скопје

Тираж:
200 копии на македонски јазик
200 копии на англиски јазик
100 копии на албански јазик

Скопје, 2005



**Содржината на ова издание не значи дека секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката Мисија на ОБСЕ во Скопје**